РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
СКОПЈЕ
Број 0306-1610/3
23.01.2026 година

# АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 8 алинеа 38, член 24 став (1) алинеја 3 и член 186, член 187, член 188, член 189 и член 190, од Законот за електронски комуникации („Службен весник на РС Македонија", бр. 135/2025, 269/2025), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 23.01.2026 година, донесе

## ПРЕДЛОГ - ПРАВИЛНИК ЗА ВОДЕЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИ РЕГИСТЕР НА ТЕРМИНАЛНА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ОПРЕМА (ТТО)

Член 1
**Предмет**

Со овој Предлог Правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на регистарот како и видот на податоците и начинот на доставување на податоците потребни за водење на Електронски регистар на телекомуникациска терминална опрема (во понатамошниот текст Терминална Опрема или скратено ТТО), согласно Законот за електронски комуникации.

Член 2
**Надлежност**

Електронскиот регистар на телекомуникациска терминална опрема го води Агенцијата за електронски комуникации, а покрај Агенцијата до него имаат пристап и Операторите на јавни електронски комуникациски услуги, правни лица регистрирани за продажба на Терминална опрема наменета за јавни мобилни електронски комуникациски услуги, други правни и физички лица и надлежни институции и органи со законски овластувања во областа на телекомуникациите и финансиите, и други регистрирани субјекти со ограничени привилегии.

Член 3
**Дефиниции**

(1)**Телекомуникациска терминална опрема** наменета за јавни мобилни комуникациски мрежи е секој уред што е проектиран директно да се поврзе со јавната мобилна комуникациска мрежа преку радио интерфејс, со цел да овозможи испраќање и примање на говор, податоци, SMS/MMS или други електронски комуникациски услуги.

(2) **Мобилен телефонски апарат** е мобилна или пренослива телекомуникациска терминална опрема која се користи од страна на Корисниците за меѓусебна комуникација преку јавна мобилна електронска комуникациска мрежа. Главна комуникациска функција е говорна комуникација, но со развојот на технологијата добил и други функции, како што се комуникација преку СМС пораки, ММС пораки и пристап до Интернет.

(3) **Интерфејс** е систем преку кој Корисникот или Регистрираниот субјект, Корисниците на регистерот и други лица имаат пристап до Регистерот на ТТО за внесување или обезбедување податоци за терминална опрема.

(4) **Корисник на Регистарот** е правно или физичко лице кое со најава ена регистрирано во Регистарот и има добива пристап до него, со ограничени привилегии издадени и одобрени од страна на Агенцијата (кКако правни лица можат да се регистрираат сите приаватни компании и државни институции)

(5) **ИМЕИ единствен број (IMEI - International Mobile Equipment Identity)** претставува интернационален број за идентификација на терминална опрема или телекомуникациската терминална опрема кој е составен од 15 цифри уникатни и единствени само за конктретната терминална опрема.

(6) **Регистар на Телекомуникациска Терминална Опрема (РТТО)** е систем за регистрирање и нотификација на телекомуникациска терминална опрема или терминална опрема која се увезуваво Македонија, од страна на сите даватели на телекомуникациски услуги низ Македонија, физички лица или правни лица кои внесуваат телекомуникациска опрема купена од друга земја и лица.

(7) **Регистиран субјект** е правно лице кое врши увоз на терминална телекомуникациска опрема (ТТО) и е регистрирано во Регистарот за ТТО согласно овој Правилник.

Член 4

**Регистар на телекомуникациска терминална опрема**

(1) Агенцијата дава мислења и соработува со надлежните институции во однос на прашањата за увозот и употребата на телекомуникациската терминална опрема, со цел за заштита на пазарот на ТТО и намалување на нелегални активности.

(2) Агенцијата води електронски регистар на Телекомуникациска терминална опрема наменета за јавни мобилни електронски комуникцисни услуги.

(3) Регистрираните субјекти се должни на Агенцијата да и достават податоци согласно со член 8 и 9 од овој Правилник. Агенцијата во соработка со операторите ќе изработи Упатство со детална техничка спецификација за начинот воспоставување на интерфејс помеѓу РТТО и системите на операторите и типовите на извештаи кои ќе се генерираат.

(4) Правни или физички лица кои набавиле телекомуникациска терминална опрема наменета за јавни мобилни електронски комуникациски услуги, но истата не ја набавиле од регистрираните оператори, ја набавиле од странство или истата ја добиле како подарок, можат да ја пријават електронски во Регистарот.

(5) Операторите се должни на барање на Агенцијата, во рок од 15 дена од прием на барањето, да ја исклучат од јавната мобилна комуникациска мрежа телекомуникациската терминална опрема која не е евидентирана во регистарот од ставот (2) на овој член.

Член 5

**Пуштање во продажба и ставање во употреба**

Во продажба се пуштаат само апарати кои се претходно внесени во Регистерот за телекомуникациска терминална опрема.

Член 6

**Право на користење на Регистар односно Системот за регистрирање на телекомуникациска терминална опрема на Агенијата**

(1) Агенцијата овозможува регистрирање на Корисници на Регистарот и Регистрирани субјекти со дефинирани привилегии (правно, физичко лице или институција) за користење на Регистарот на телекомуникациска терминална опрема.

(2) Агенцијата овозможува пристап до Регистарот на телекомуникациска терминална опрема на Агенијата, со дефинирани привилегии и се грижи и управува со Регистарот.

Член 7

**Функционалности на системот**

Регистерот на ТТО треба да овозможи:

- Портал – единствена точка на пријавување и регистрација “single sign on” на професионалните и други корисници на АЕК;
- Поддршка на повеќе јазици “Multilanguage Support”;
- Внесување, преглед и едитирање на корисничките податоци на регистрирани субјекти;
- Регистарот овозможува внесување на ИМЕИ броеви и други податоци за уредите при увоз од страна на регистрираните субјекти;
- Регистарот овозможува внесување на податоци за уреди чии ИМЕИ броевите не се внесени од страна на регистрираните субјекти.
- Регистарот овозможува Операторите на Јавни мобилни електронски комуникцсики услуги да доставуваат ИМЕИ на активните уреди на нивната мрежа согласно став 1 од член 11 од овој Правилник;
- Регистарот овозможува претплатниците, корисниците на Јавни мобилни електронски комуникациски услуги и Регистрираните субјекти да добијат пристап до Регистарот и да ги внесуваат ИМЕИ на активните уреди во Регистарот, согласно став 1 и 2 од член 10 од овој Правилник;
- Регистарот овозможува генерирање на Извештаи за видовите на ТТО која е увезена.
- Регистарот овозможува поединечно пребарување по ИМЕИ.

Член 8

**Постапка на запишување на Регистриран субјект за увоз и продажба на ТТО**

(1) Субјект по електронски пат поднесува Барање за регистрација во Регистар на телекомуникациска терминална опрема на Агенцијата, со внесување на податоците:

- Име на субјектот;
- Адреса;
- Електронска адреса;
- Тел број за контакт и контакт лице;
- Управител;
- Електронска адреса на управителот;
- ЕМБ од Централен регистер за вршење дејност и доставена копија за регистрирана дејност од Централен регистер;

(2) Барањето во рок од 7 дена од датумот на поднесување го одобрува Агенцијата, со што подносителот добива Корисничко име (User Name) и Лозинка (Password) со кои се најавува во системот при внесување на Барање за внесување на Телекомуникациска терминална опрема.

(3) Доколку Барањето има недостатоци, Агенцијата има право да побара од Барателот да ги отстрани недостатоците на поднесеното Барање, при што на Подносителот му испраќа информација за причините на одбивањето.

(4) За веродостојност на податоците одговара самиот подносител.

Член 9

**Обврски на регистрираниот субјект**

(1) Регистрираниот субјект има обврска во Регистарот да ги внесе податоците за регистрација на нова телекомуникациска терминална опрема.

(2) Податоци кои се задолжителни за внесување:

- Датум на увоз;
- Број на царинска декларација;
- Ознака и модел на уредот, согласно со увозната декларација селектирана од листата (TAC - 6 или 8 броеви);
- Количина на увезените уреди;
- IMEI броеви:
- стандарден/нестандарден IMEI број;
- Производител на уред.
-

Член 10

**Регистрирање на уреди кои не се внесени од страна на Регистрирани субјекти**

(1) Претплатниците/корисниците (правни или физички лица) кои користат уред набавен од странство, добиена како подарок или донација од лица надвор од територијата на Република Македонија, имаат обврска во Регистарот електронски да се најават преку порталот достапен на веб страната на Агенцијата, во рок од 30 дена од почетокот на користење во мобилната мрежа на Операторот.

(2) Претплатниците ги внесуваат во Регистарот следните податоци:
- Име и презиме на претплатникот;
- Електронска адреса;
- Тел број за контакт;
- ИМЕИ број;
- Модел на уред;
- Основ по кој е стекнат уредот.
-

Член 11

**Обврски на Операторите на јавни мобилни комуникациски услуги**

(1) Операторите се должни еднаш месечно на Агенцијата да ги достават ИМЕИ за сите уреди кои биле активни во тие изминати две недели, преку сервис на Регистарот.

(2) Операторите се должни на барање на Агенцијата да ја исклучат од јавната мобилна комуникациска мрежа телекомуникациската терминална опрема која не е евидентирана во регистарот.

Член 12

**Надзор и други видови на Услуги од страна на Агенцијата поврзабни со овој Правилник**

(1) Надзор над квалитетот на услугата поврзана со овој Правилник што ја врши Агенцијата, во согласност со Законот за електронските комуникации и овој Правилник.

(2) Дополнителните мислења, одговори на Барања и други видови на услуги писмени или технички, кои би биле поврзани со овој Правилник, Агенцијата врши соодветна наплата и Барателот е должен да уплати:

- Административен надоместок од 5 (пет) евра во денарска против вредност по среден курс на НБМ, кој ќе биде уплатуван на жиро сметка на Владата на РС Македонија и
- Регулаторен надоместок од 10 (десет) евра во денарска против вредност по среден курс на НБМ, кој ќе биде уплатуван на жиро сметка на Агенцијата.

(3) Овој вид на дополнителни услуги, Агенцијата по прецизно ќе ги дефинира во Правилник со прецизно утврден ценовник на услуги.

Член 13

**Преодни одредби**

(1) Почетното запишување на податоци се врши врз база на доставени извештаи од страна на операторите на Јавни мобилни електронски комуникациски услуги, со ИМЕИ на уредите што се користени во нивната мрежа во последните два месеци пред пуштање на системнот во употреба.

(2) После овој рок, запишувањето на терминалната опрема во Регистарот ќе се врши согласно член 9 и член 10 од овој Правилник.

Член 14

**Завршни одредби**

(1) Овој Правилник во делот кој го уредува регистарот и неговото функционирање влегува во сила со денот на неговото објавување во „Службен весник на Македонија", а неговата примена започнува со денот на пуштање во работа на Регистарот, со известување на ВЕБ страната на Агенцијата;

(2) По пуштањето на работа на Регистерот, Агенцијата за електронски работи во консултација со постојните оператори на мобилни електронски комуникациски мрежи ќе утврди рок за имплементирање на системи со кои ќе се спроведува ограничувањето на употреба на терминална опрема на барање на Агенцијата во согласност со став 5 од член 4 и став 2 од член 11 од овој Правилник.

(3) По влегувањето во сила, овој Правилник ќе биде објавен и на веб-страната на Агенцијата за електронски комуникации.

Агенција за електронски комуникации
Изготвиле:
Членови на Работна група:

Д-р Борис Арсов

Никола Котевски

Моника Марковска

Скопје, 14.07.2026г

Проверил:
Раководител на Сектор за телекомуникации
Доц д-р инж Борис Арсов

Директор,
**Нусрет Халити**